Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-438 2/1
27.12 2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 84, став 1, точка 2 и точка 13, од Статутот на Природно-математичкиот факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 464/2019 и 464/2021-анекс), Деканатската управа на 23-та редовна седница одржана на ден 21.11.2022 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

за утврдување на цената на еден ЕКТС кредит, цената на презапишан предмет на втор циклус студии (постдипломски студии) на Природно-математичкиот факултет – Скопје и утврдување на надоместоците за преминување од една на друга студиска програма, признавање на предмети и административно регулирање на незапишани учебни години

1. По правило цената на еден ЕКТС кредит на втор циклус на студии (постдипломски студии) на Природно-математичкиот факултет – Скопје, зависно од студиската програма, се утврдува на следниов начин:

| **Студиска програма** | цена на еден ЕКТС кредит (во ЕУР)[1] |
|---|---|
| **Биологија** | |
| Едукација во наставата по биологија | 25 |
| Екологија и биосистематика<br>-модул екологија<br><br>-модул биосистематика | 25 |
| Биохемија и Физиологија | 25 |
| Молекуларна биологија и генетика<br>-модул молекуларна биологија<br>-модул генетика | 25 |
| Биологија-микробиологија | 25 |
| Форензичка биологија | 25 |
| **Географија** | |
| картографија и географски информациски системи | 16.7 |
| Географија | 16.7 |
| Демографија | 16.7 |
| туризам (едногодишни) | 16.7 |
| туризам (двегодишни) | 14.2 |

1 Надоместокот се плаќа во денарска противвредност, според средниот курс на Народната банка на РСМ на денот на плаќањето

| | |
|---|---|
| просторно планирање | 16.7 |
| **Етнологија и антропологија** | |
| - етнологија и антропологија | 16.7 |
| **Математика** | |
| -математички науки и примени | 16.7 |
| - математичко образование во основно и средно училиште | 16.7 |
| -применета математика - математичко моделирање и Оптимизација | 16.7 |
| -применета математика - математичка статистика, актуарство и математичко моделирање во економија | 16.7 |
| **Физика** | |
| Применета физика | 16.7 |
| Теориска физика | 16.7 |
| Геофизика | 16.7 |
| Астрономија и астрофизика | 16.7 |
| Сончева енергија | 16.7 |
| Методика на наставата по физика | 16.7 |
| Медицинска физика | 16.7 |
| **Хемија** | |
| - наставна хемија | 16.7 |
| - применета хемија | 16.7 |
| - аналитичка биохемија | 16.7 |

2. Студентот кој во рок од една година нема да ги положи сите предвидени предмети, повторни ги запишува неположените предмети, при запишување на семестарот. Цената на еден ЕКТС кредит, при првото повторно запишување на неположен предмет, изнесува 50 % од износот утврден во член 1 на оваа Одлука.

3. При повторно запишување на неположен изборен предмет, кога студентот ќе го замени изборниот предмет со друг изборен предмет, ја плаќа цената на еден ЕКТС кредит утврдена во член 1 на оваа одлука.

4. За секое повторно запишување на неположен предмет (втор пат, трет пат и.т.н.) студентот ја плаќа цената на еден ЕКТС кредит утврдена во член 1 на оваа Одлука.

5. Студентот ги уплатува кредитите за запишување на магистерскиот труд само еднаш. Тој е ослободен од плаќање на кредити за повторно запишување на магистерскиот труд.

6. Кога студентот на втор циклус на студии преминува од една на друга студиска програма, пред да истече рокот утврден во студиската програма по која се запишал, го плаќа целиот износ на кредити за предметите што за првпат ги запишува на новата студиска програма.

7. При преминување од една на друга активна студиска програма студентот треба да поднесе барање за преминување и да плати надомест во износ од 2.000,00 денари.

8. Студентот кој нема да ги заврши студиите во рокот утврден во студиската програма и ќе продолжи да студира на нова изменета студиска програма треба да го плати целиот износ на цената на кредити за предметот, утврдени во член 1 на оваа одлука .

9. При преминување од стара на нова изменета студиска програма студентот треба да поднесе барање за преминување и да уплати надомест во износ од 2.000,00 денари.

10. Признавањето на предметите при премин на нова изменета студиска програма или при преминување од една на друга студиска програма ќе се врши во согласност со одлуката за еквиваленција од Наставно-научниот колегиум на вториот циклус на студии на соодветната студиска програма при што студентот ќе треба да уплати износ од 500,00 денари за секој признат предмет.

11. Студентите од член 6 и член 8 од оваа Одлука се должни да потпишат изјава дека ги прифаќаат условите на плаќање и полагање на испитите при премин на нова студиска програма или при премин на нова изменета студиска програма.

12. За административно регулирање на претходно незапишани учебни години на втор циклус на студии (постидипломски студии) студентите се должни да платат надомест во висина од 2.000,00 денари за секоја незапишана учебна година.

13. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува за студентите запишани на втор циклус на студии (постдипломски студии) во учебната 2022/2023 година.

14. Студентите запишани на втор циклус на студии (постдипломски студии) заклучно со учебната 2021/2022 година, запишуваат семестар во учебната 2022/2023 година со надомест од 2.000 денари.

15. За студентите запишани на втор циклус на студии (постдипломски студии) заклучно со учебната 2021/2022 година, оваа одлука ќе започне да се применува од 1 октомври 2023 година

16. Се задолжува Одделението за студентски прашања административно да ја реализира оваа одлука.

Д Е К А Н,

Проф. д-р Александар Скепаровски

Да се достави до:
- Архива;
- Продекан за наставни и студентски прашања;
- Институти;
- Секретар;
- Одделение за студентски прашања;
- Наставно-научните колегиуми на студиските програми на втор циклус на студии;
- Огласна табла;
- Веб страна;
- Деканатско досие.